# КОНЦЕСИОНЕРИ НА РИБОЛОВНИ РЕВИРИ И РЕКРЕАТИВНИ ЗОНИ

| РИБОЛОВЕН РЕВИР | КОНЦЕСИОНЕР | ГРАНИЦИ НА РЕВИРОТ |
|---|---|---|
| ***„ВАРДАР 1“ ГОСТИВАРСКИ*** | **СРД „БАШ ВАРДАР„- ГОСТИВАР** | Ги опфаќа водите од горното течение на реката Вардар и тоа од изворот на реката Вардар до уливот на Улеверичка Река, вклучително со притоките на Вардар: Равенска Река, Лакавичка Река и Река Мелца, како и притоките на Лакавичка Река: Симничка Река, Бигорска Река, Падалишка Река и Трновска Река, притоките Маздрача, Боговинска Река (со Боговинско Езеро), Улеверичка Река, Река Јахорка и водите од изворите во с. Чегране, како и сите стоечки води (природни езерца и мали и микроакумулации) кои се наоѓаат во овој дел, на кои може да се организира рекреативен риболов, доколку тоа не претсравува пречка во изведувањето на работите и активностите за кои се примарно наменети. |
| ***ВАРДАР 2 ТЕТОВСКИ*** | **НЕМА КОНЦЕСИОНЕР** | Ги опфаќа водите на реката Вардар и тоа од вливот на Улеверичка Река до дрвениот мост во близина на с. Радуша со притоките: Пена, Лешочка Река, Бистрица, Босилечка, Габровчица, Љуботенска Река и Горанечка Река, како и сите стоечки води (природни езерца и мали и микроакумулации) кои се наоѓаат во овој дел, на кои може да се организира рекреативен риболов, доколку тоа не претсравува пречка во изведувањето на работите и активностите за кои се примарно наменети. |
| ***ВАРДАР 3 СКОПСКИ*** | **ЗРСРК „РИБАР 2011“ СКОПЈЕ** | Река Вардар од дрвениот мост над с. Радуша до влив на река Пчиња;<br>Река Лепенец од граница до влив во реката Вардар;<br>Маркова Река, Моранска Река и Кадина Река, во цело течение;<br>Река Треска од акумулација Матка до влив во реката Вардар, како и сите стоечки води кои се наоѓаат во овој дел а не се наведени (природни езерца и мали и микроакумулации) доколку организирањето рекреативниот риболов не претсравува пречка во изведувањето на работите и активностите за кои се примарно наменети. |

| | | |
|---|---|---|
| ***ВАРДАР 4 ВЕЛЕШКИ*** | **ЗСР „БАБУНА“ - ВЕЛЕС** | Го опфаќа течението на реката Вардар од влив на река Пчиња во реката Вардар до влив на Црна Река во река Вардар;<br>Реката Отовица во цело течение, цело течение на реката Тополка со притоките, од изворот до вливот во Вардар;<br>Целото течение на реката Бабуна со притоките од изворот до вливот во Вардар;<br>Дел од течението на Црна Река од браната Тиквеш до вливот во реката Вардар;<br>Делот на Брегалница од село Убого до вливот во реката Вардар како и сите стоечки води (природни езерца и мали и микроакумулации) кои се наоѓаат во овој дел, на кои може да се организира рекреативен риболов, доколку тоа не претсравува пречка во изведувањето на работите и активностите за кои се примарно наменети. |
| ***ВАРДАР 5 НЕГОТИНСКИ*** | **НЕМА КОНЦЕСИОНЕР** | Го опфаќа течението на реката Вардар од влив на Црна Река до браната на термоелектраната “Неготино”, вклучително со реките: Ваташка (Луда Мара), Слатина, Пепелишка, Брусничка, Дисанска Река, и сите останати помали водотеци, како и сите стоечки води (мали и микроакумулации) кои се наоѓаат во овој дел, на кои може да се организира рекреативен риболов, доколку тоа не претсравува пречка во изведувањето на работите и активностите за кои се примарно наменети. |
| ***ВАРДАР 6 ДЕМИР КАПИСКИ*** | **НЕМА КОНЦЕСИОНЕР** | Го опфаќа течението на реката Вардар од браната на термоелектраната “Неготино” до влив на Кованска Река, вклучувајќи ги Стара Река, Анска Река и останатите помали водотеци, како и целото течение на реката Бошава од изворите до вливот во Вардар вклучително и реката Дошница по целото течение од изворите до вливот во реката Бошава со сите поголеми и помали водотеци како и сите стоечки води (мали и микроакумулации) кои се наоѓаат во овој дел, на кои може да се организира рекреативен риболов, доколку тоа не претсравува пречка во изведувањето на работите и активностите за кои се примарно наменети. |

| | | |
|---|---|---|
| ***ВАРДАР 7 ГЕВГЕЛИСКИ*** | **ЗРСРК „АКВАСПОРТ“ ГЕВГЕЛИЈА** | Го опфаќа течението на реката Вардар од влив на Кованска Река до македонско-грчка граница, вклучително и Кованска Река, Луда Мара и сите останати поголеми и помали притоки на овој дел од текот на реката Вардар, како и сите стоечки води (мали и микроакумулации) кои се наоѓаат во овој дел, на кои може да се организира рекреативен риболов, доколку тоа не претсравува пречка во изведувањето на работите и активностите за кои се примарно наменети. |
| ***“БРЕГАЛНИЦА - ДЕЛЧЕВСКИ”*** | **НЕМА КОНЦЕСИОНЕР** | Го опфаќа делот од реката Брегалница од с. Митрашинци до 1 (еден) километар пред вливот во акумулацијата “Калиманци” вклучувајќи ги сите притоки во овој дел од текот на Брегалница, како и сите стоечки води (мали и микроакумулации) кои се наоѓаат во овој дел, на кои може да се организира рекреативен риболов, доколку тоа не претсравува пречка во изведувањето на работите и активностите за кои се примарно наменети. |
| ***“БРЕГАЛНИЦА - ВИНИЧКИ”*** | **ЗСРЕК „КРАП“ - ВИНИЦА** | Го опфаќа делот од реката Брегалница од браната на акумулацијата “Калиманци” до вливот на Градечка река, вклучувајќи ја и реката Осојница и сите притоки во овој дел од текот на Брегалница, како и сите стоечки води (мали и микроакумулации) кои се наоѓаат во овој дел, на кои може да се организира рекреативен риболов, доколку тоа не претсравува пречка во изведувањето на работите и активностите за кои се примарно наменети (Блатечка Брана, Трсија и др.) |
| ***“БРЕГАЛНИЦА - ШТИПСКИ”*** | **ЗСР „БРЕГАЛНИЦА 2011“ - ШТИП** | Го опфаќа делот од реката Брегалница од вливот на Злетовска Река до селото Убого, вклучувајќи ги сите притоки во овој дел од текот на Брегалница (без Злетовска Река) како и сите стоечки води (мали и микроакумулации) кои се наоѓаат во овој дел, на кои може да се организира рекреативен риболов, доколку тоа не претсравува пречка во изведувањето на работите и активностите за кои се примарно наменети. |

| | | |
|---|---|---|
| ***„ЗЛЕТОВСКА РЕКА“*** | **НЕМА КОНЦЕСИОНЕР** | Ја опфаќа цела Злетовска Река од браната на акумулацијата Кнежево до вливот во Брегалница, вклучително и сите притоки како и акумулацијата „Пишица” како и сите стоечки води (мали и микроакумулации) кои се наоѓаат во овој дел, на кои може да се организира рекреативен риболов, доколку тоа не претсравува пречка во изведувањето на работите и активностите за кои се примарно наменети. |
| ***“ЦРНА РЕКА 1 - ДЕМИРХИСАРСКИ”*** | **НЕМА КОНЦЕСИОНЕР** | Го опфаќа делот од Црна Река од изворот до мостот кај с. Бучин (мостот е граница) со сите притоки на Црна во тој дел и микроакумулацијата “Стругово” во општина Демир Хисар. |
| ***ЦРНА РЕКА 2 - ПРИЛЕПСКИ*** | **СРК „МАМЕЦ“ - ПРИЛЕП** | Го опфаќа делот на Црна Река од мостот во с. Бучин до мостот на регионалниот пат Прилеп-Битола со сите притоки на Црна Река во овој дел (река Блато и нејзините притоки: Прилепска Река Стара Река, Строишка Река и др.) вклучително и микроакумулаците на тој дел (“Плетвар”, “Небрегово”, “Десово”, “Чумово” и “Беловодица”, сите во општина Прилеп) како и “Прилепско Езеро”. |
| ***ЦРНА РЕКА 3 - БИТОЛСКИ*** | **ЛРЗ „ПЕЛАГОНИЈА-ПЕЛИСТЕР“ БИТОЛА** | Го опфаќа дел на Црна Река од мостот на регионалниот пат Прилеп - Битола до два (2) километри пред вливот на реката Сатока во Црна Река и сите притоки кои се влеваат во Црна Река во овој дел, вклучително и р. Сатока, како и микроакумулаците на тој дел (“Ѓавато”, “Ротино”, “Трново”, “Црнеец”, “Тулана”, “Братиндол” (во општина Битола), “РЕК”, “Доброени”, “Дедебалци”, “Брод”, “Гнеотино”, “Ергела”-во близина на с. Врањевци, “Живојно”, “Рапеш”-нова брана и “Маково” во општина Новаци и “Лисолај” во општина Могила) |
| ***“ЦРНА РЕКА 4 - МАРИОВСКИ”*** | **НЕМА КОНЦЕСИОНЕР** | Го опфаќа делот од Црна Река два (2) км. пред вливот на р. Сатока во Црна Река до влив во акумулацијата “Тиквеш” со сите притоки како и микроакумулациите на тој дел (“Кале”, “Дуње”, “Чаниште” и “Пештани” (во општина Витолошта). |

| | | |
|---|---|---|
| ***“ПЧИЊА 1 - КУМАНОВСКИ”*** | **ЗСРРК „ПЧИЊА“ - КУМАНОВО** | Го опфаќа течението на реката Пчиња од македонско – српската граница до Ново Село, со притоките Бистрица, Драгоманска Река, Кумановка, Петрошница и Лука во целото нивно течение и Липковка од браната Липково до вливот, сите притоки на наведените реки, како и сите стоечки води (природни езерца и мали и микроакумулации) кои се наоѓаат во овој дел, на кои може да се организира рекреативен риболов, доколку тоа не претсравува пречка во изведувањето на работите и активностите за кои се примарно наменети. |
| ***“ПЧИЊА 2 - СКОПСКИ”*** | **ЗСРРК „ВАРДАР“ - СКОПЈЕ** | Го опфаќа течението на реката Пчиња од Ново Село до вливот во Вардар со сите притоки и сите акумулации на тој дел, вклучително и рекреативната зона “Бадар” која ги опфаќа езерцата во месноста Бадар кои се направени како резултат на експлоатација на песок од сепарација. |
| ***“КРИВА РЕКА 1 - КРИВОПАЛАНЕЧКИ”*** | **ЗСРРК „МРЕНА“ – КРИВА ПАЛАНКА** | Го опфаќа течението на Крива Река од изворишниот дел до вливот на Кратовска Река во Крива Река, со сите притоки, акумулационото езеро „Отошница“ како и сите стоечки води (природни езерца и мали и микроакумулации) кои се наоѓаат во овој дел, на кои може да се организира рекреативен риболов, доколку тоа не претсравува пречка во изведувањето на работите и активностите за кои се примарно наменети. |
| ***“КРИВА РЕКА 2 – КРАТОВСКО-КУМАНОВСКИ”*** | **ЗСРРК „ПЧИЊА“ - КУМАНОВО** | Го опфаќа течението на Крива Река од вливот на Кратовска Река во Крива Река (вклучутелно и Кратовска Река), до вливот на Крива Река во Пчиња со сите притоки како и сите стоечки води (природни езерца и мали и микроакумулации) кои се наоѓаат во овој дел, на кои може да се организира рекреативен риболов, доколку тоа не претсравува пречка во изведувањето на работите и активностите за кои се примарно наменети. |

| | | |
|---|---|---|
| ***“СТРУМИЦА 1”*** | **НЕМА КОНЦЕСИОНЕР** | Го опфаќа делот од реката Струмица од изворишниот регион до вливот на реката Турија вклучително и р. Турија, како и сите притоки во тој дел од текот заедно со малите акумулации („Маркова Брана“, „Дрвошка“ и „Иловица“), како и делот на р. Водочица од браната на вештачкото езеро - акумулација Водоча до вливот во реката Струмица; |
| ***“СТРУМИЦА 2”*** | **НЕМА КОНЦЕСИОНЕР** | Го опфаќа делот од реката Струмица од вливот на р. Турија до Македонско-Бугарската граница, заедно со: Моноспитовско блато, сите притоки и малите акумулации („Новоселка“), а без р. Водочица и нејзините притоки; |
| ***“ТРЕСКА 1 - КИЧЕВСКИ”*** | **НЕМА КОНЦЕСИОНЕР** | Опфаќа дел од Треска од изворот до мостот на патот кој води од Кичево до с. Пласница (мостот е граница) со сите притоки на Треска во тој дел од текот. |
| ***“ТРЕСКА 2 - БРОДСКИ”*** | **КЛЕН МАКЕДОНСКИ БРОД** | Опфаќа дел од реката Треска од мостот на патот кој води од Кичево до с. Пласница (мостот е граница) до вливот на Белича Река во реката Треска со сите притоки во овој дел. |
| ***ЦРН ДРИМ 1 - СТРУШКИ*** | **ЗРСК „ТАСО ДЕ ГАМА“ С. ИЗДЕГЛАВЈЕ ДЕБАРЦА** | Го опфаќа течението на реката Црн Дрим од истекот од Охридското Езеро во Струга, крај хотел Дрим, низводно до вливот во акумулацијата Глабочица, мостот во с. Ташмаруништа е граница; Во ревирот припаѓаат и реките: Сатеска, од регулациониот објект северно од с. Волино (општина Дебарца) до вливот во р. Црн Дрим, Голема (или Збашка) Река, од изворите до вливот во акумулацијата Глобочица, Каналот од Струшко поле, кој ги собира водите од Струшкото поле и од изворите во с. Шум, Беличка река, од изворот до вливот во Каналот на струшкото поле, Лабунишка река, од изворите до вливот во акумулацијата Глабочица и Вевчанска река, од изворите до вливот во р. Црн Дрим. |

| | | |
|---|---|---|
| ***“ЦРН ДРИМ 2”*** | **НЕМА КОНЦЕСИОНЕР** | Го опфаќа течението на реката Црн Дрим од браната на вештачкото езеро-акумулација Глабочица, низводно до вливот во вештачкото езеро - акумулација Шпиље, 500 метри низводно од мостот кој се наоѓа северно од хидроцентралата “Глобочица”. Во истиот припаѓаат и реките: Јабланичка Река, од изворите до вливот во р. Црн Дрим и Модричка Река, од изворите до вливот во р. Црн Дрим. |
| ***„ОХРИДСКИ СЛИВ“*** | **НЕМА КОНЦЕСИОНЕР** | Го опфаќа течението на реките Сатеска (од изворот до регулациониот објект северно од с. Волино), Каналот на реката Сатеска (од регулациониот објект северно од с. Волино до вливот во Охридското Езеро), Песочанска Река (од извор до вливот во река Сатеска), Голема Река (од извор до вливот во река Сатеска), Матица создадена од водите на изворите во селото Издеглавје и Слатинска река наречена Поток од изворот до вливот во реката Сатеска, Матица создадена од водите кои истекуваат од Сини Вирој (од изворот до вливот во Голема Река), Коселска Река (од извор до вливот во Охридското Езеро), Река Ќерава (од граница со Р. Албанија до вливот во Охридското Езеро) како и сите токови кои се вливаат , во Охридското Езеро, како и вештачките езера акумулации Требенишко и Слатинско. |

РЕКРЕАТИВНИ ЗОНИ

| РЕКРЕАТИВНА ЗОНА | КОНЦЕСИОНЕР | ГРАНИЦА НА РЕВИРОТ |
|---|---|---|
| ***БЕРОВСКО ЕЗЕРО „РАТЕВО“*** | **НЕМА КОНЦЕСИОНЕР** | Во риболовните води за кои се однесува оваа риболовна основа, како единствена рекреативна зона се определува ***Рекреативната зона – „акумулација „Ратево“-*** која ја опфаќа целата површина на вештачкото езеро – акумулација Ратево од вливот на реките Клепалска и Заменичка до браната, вклучувајќи го делот на реката Брегалница од изворите до с. Митрашинци со сите притоки. |

| | | |
|---|---|---|
| ***АКУМУЛАЦИЈА ВОДОЧА*** | **„ФИШНЕТ аква ДООЕЛ“ СТРУМИЦА** | Целата површина на вештачкото езеро – **акумулација „Водоча“** се определува како – ***Рекреативна зона – „акумулација Водоча“*** |
| ***АКУМУЛАЦИЈА ГЛАЖЊА*** | **ЛРД „ШЌИПОЊА“ – С. ЛИПКОВО** | Во риболовните води за кои се однесува оваа риболовна основа, како единствена рекреативна зона се определува ***Рекреативната зона – „акумулација „Глажња“-*** која ја опфаќа целата површина на вештачкото езеро – акумулација Глажња од вливот на реките Бресјанска (Камена Река) и и Гошинска од вливот во акумулацијата до браната. |
| ***АКУМУЛАЦИЈА ГЛОБОЧИЦА*** | **НЕМА КОНЦЕСИОНЕР** | Во риболовните води за кои се однесува оваа риболовна основа, како единствена рекреативна зона се определува ***Рекреативната зона – „акумулација „Глобочица“-*** која ја опфаќа целата површина на вештачкото езеро – акумулација Глобочица. |
| ***АКУМУЛАЦИЈА ГРАДЧЕ*** | **СРЗЕК „КОЧАНСКИ РИБАР“ - КОЧАНИ** | Во риболовните води за кои се однесува оваа риболовна основа, како единствена рекреативна зона се определува ***Рекреативната зона – „акумулација „Градче“-*** која ја опфаќа целата површина на вештачкото езеро – акумулација Градче, цела Кочанска Река и делот на реката Брегалница од мостот на регионалниот пат Виница-Кочани до вливот на Злетовска Река, вклучувајќи ги сите притоки во овој дел од текот на Брегалница (без Злетовска Река). |
| ***АКУМУЛАЦИЈА КАЛИМАНЦИ*** | **НЕМА КОНЦЕСИОНЕР** | Во риболовните води за кои се однесува оваа риболовна основа, како единствена рекреативна зона се определува ***Рекреативната зона – „акумулација „Калиманци“-*** која ја опфаќа целата површина на вештачкото езеро - акумулација „Калиманци„ вклучувајќи го делот на реката Брегалница во должина од 1 (еден) километар пред вливот во акумулацијата, како и Каменичка Река. |

| | | |
|---|---|---|
| ***АКУМУЛАЦИЈА КОЗЈАК*** | **НЕМА КОНЦЕСИОНЕР** | Во риболовните води за кои се однесува оваа риболовна основа, како единствена рекреативна зона се определува ***Рекреативната зона – „акумулација „Козјак“-***која ја опфаќа целата површина на акумулацијата, освен заливите „Коломонт“ и „Пеколник“, од вливот на Беличка Река (река Белешница) во реката Треска до браната, независно од моменталното ниво на водата во акумулацијата Козјак. |
| ***АКУМУЛАЦИИ КОНЧЕ 1 и 3*** | **НЕМА КОНЦЕСИОНЕР** | Целата површина на вештачките езера – **акумулации „Конче 1 и Конче 3“** се определуваат како единствена – ***Рекреативна зона – „акумулациј*** **„Конче 1 и Конче 3 “** |
| ***КРУШЕВСКО ЕЗЕРО*** | **НЕМА КОНЦЕСИОНЕР** | Рекреативна зона "Крушевско езеро" ги опфаќа водите на микроакумулациите "Крушевско езеро", "Борино 1" и "Борино 3" . |
| ***АКУМУЛАЦИЈА ЛИПКОВО*** | **ЛРД „ШЌИПОЊА“ – С. ЛИПКОВО** | Во риболовните води за кои се однесува оваа риболовна основа, како единствена рекреативна зона се определува ***Рекреативната зона – „акумулација „Липково“-*** која ја опфаќа целата површина на акумулацијата и делот на Липковска Река од браната на акумулацијата Глажња до вливот во акумулацијата Липково. |
| ***АКУМУЛАЦИЈА МАВРОВИЦА*** | **НЕМА КОНЦЕСИОНЕР** | Целата површина на вештачкото езеро – акумулација „Мавровица“, се определува како – ***Рекреативна зона – „акумулација Мавровица“*** |
| ***АКУМУЛАЦИЈА МАНТОВО*** | **НЕМА КОНЦЕСИОНЕР** | Во риболовните води за кои се однесува оваа риболовна основа, како единствена рекреативна зона се определува ***Рекреативната зона – „акумулација „Мантово“-*** која ја опфаќа целата површина на **“акумулација Мантово“** |

| | | |
|---|---|---|
| ***АКУМУЛАЦИЈА МАТКА*** | **НЕМА КОНЦЕСИОНЕР** | Во риболовните води за кои се однесува оваа риболовна основа, како единствена рекреативна зона се определува ***Рекреативната зона – „акумулација „Матка“-*** која ја опфаќа целата површина на вештачкото езеро – акумулација Матка вклучувајќи го и делот на река Треска кој се наоѓа помеѓу браната Света Петка (Матка 2) и вливот во акумулацијата Матка. |
| ***АКУМУЛАЦИЈА МЛАДОСТ*** | **НЕМА КОНЦЕСИОНЕР** | Целата површина на вештачкото езеро – акумулација „Младост“ од вливот на реката Отовица до браната се определува како – ***Рекреативна зона – „акумулација Младост“*** . |
| ***АКУМУЛАЦИЈА ПАЉУРЦИ*** | **НЕМА КОНЦЕСИОНЕР** | Целата површина на вештачкото езеро – акумулација „Паљурци“ се определува како – ***Рекреативна зона – „акумулација Паљурци“*** . |
| ***АКУМУЛАЦИЈА СТРЕЖЕВО*** | **НЕМА КОНЦЕСИОНЕР** | Во риболовните води за кои се однесува оваа риболовна основа, како единствена рекреативна зона се определува ***Рекреативната зона – „акумулација „Стрежево“ -*** која ја опфаќа целата површина на вештачкото езеро – “акумулација Стрежево“ од вливот на реката Шемница до браната, освен делот на акумулацијата и тоа 2000 метри возвоно од зафатот (браната) и бочно од брег до брег.<br>Делот на акумулацијата Стрежево 2000 метри возвоно од зафатот (браната) и бочно од брег до брег претставува потесна заштитена зона (зана на строг санитарен надзор). Концесионерот треба да ги обележи границите на заштитената зона со поставување табли на двата брега со димензии 70х70 см. |
| ***АКУМУЛАЦИЈА ТИКВЕШКО ЕЗЕРО*** | **„СЕЛЕКТ ГМ“ - КАВАДАРЦИ** | На Тиквешко Езеро е можен рекреативен риболов преку целата година на цела површина на акумулацијата. |

| | | |
|---|---|---|
| ***АКУМУЛАЦИЈА ТУРИЈА*** | **НЕМА КОНЦЕСИОНЕР** | Целата површина на вештачкото езеро – акумулација „Турија“ се определува како – ***Рекреативна зона – „акумулација Турија“.*** |
| ***АКУМУЛАЦИЈА ШПИЉЕ*** | **НЕМА КОНЦЕСИОНЕР** | Во водите на акумулацијата „Шпиље“, како единствена рекреативна зона, се определува зоната која ја опфаќа целата брегова линија на акумулацијата и приобалниот дел до 50 метри од брегот, 500 метри низводно од мостот на реката Црн Дрим кој се наоѓа северно од хидроцентралата Глобочица до вливот на реката Радика во акумулацијата Шпиље, вклучувајќи го и делот на реката Радика од вливот на Гарска Река и река Радика (м.в. Бошков мост) до вливот на реката Радика во акумулацијата Шпиље.<br>Рекреативниот риболов од всидрен пловен објект може да се изведува долж целата брегова линија на приобалниот дел на акумулацијата до 50 метри оддалеченост од брегот кон отворена вода и до обележанио појас околу кафезите, а рекреативен риболов од пловен објект во движење за лов на пастрмка на целата површина на акумулацијата до обележаниот појас околу кафезите.<br>Течението на реката Радика од вливот на Гарска река во Радика (м.в. “Бошков Мост”) низводно до вливот на Радика во акумулацијата Шпиље, 500 метри низводно од мостот за с. Долно Косоврасти. |
| ***АКУМУЛАЦИЈА ШУМ*** | **ЗРЕД „ЕЗЕРО 2010“ с. ШУМ -СТРУГА** | Ја опфаќа целата површина на акумулацијата. |

# ПРИРОДНИ ЕЗЕРА И ВОДИ ВО НАЦИОНАЛНИ ПАРКОВИ

| | | |
|---|---|---|
| ***ДОЈРАНСКО ЕЗЕРО*** | **НЕМА КОНЦЕСИОНЕР** | Во водите на Дојранското Езеро, како единствена рекреативна зона, се определува **рекреативна зона- „Дојранското Езеро“** која ги опфаќа деловите на Дојранското Езеро кои припаѓаат на Република Македонија, на кои се организира рекреативен риболов од брег и од всидрен пловен објект и сите води кои се влеваат во Дојранското Езеро и нивните притоки.<br>На Дојранското Езеро рекреативен риболов се изведува од брег и од всидрен пловен објект.<br>Рекреативен риболов од брег се организира на целата брегова линија на Дојранското Езеро која припаѓа на Република Македонија.<br>Рекреативен риболов од всидрен пловен објект се организира на целата брегова линија на Дојранското Езеро на оддалеченост до 35 метри од појасот на трска или до 50 метри од брегот каде што нема трска, освен на определениот дел за вршење традиционален риболов како „простор за мандри“, од местото викано „Скелето“ до местото викано „Цилево“ (крајот). |
| ***ОХРИДСКО ЕЗЕРО*** | **НЕМА КОНЦЕСИОНЕР** | Во водите на Охридското Езеро, како единствена рекреативна зона, се определува **рекреативна зона- „Охридско Езеро“** која ги опфаќа деловите на кои се организира рекреативен риболов од брег, од всидрен пловен објект и од пловен објект во движење.<br><br>Рекреативен риболов од брег се организира на целата брегова линија на Охридското Езеро и каналот „Студенчишта“ освен брегот на пределот од месноста „Вели Даб“ до „Вељапеш“ и изворите кај Св. Наум.<br><br>Рекреативен риболов од всидрен пловен објект се организира на делови на риболовна вода и тоа: |

| | | |
|---|---|---|
| | | - камп Љубаништа – делотот на риболовна вода на растојание до 200 метри од брегот, од вливот на река Черава до источната ивица на плажата на кампот Љубаниште;<br>- камп Градиште - делот на риболовна вода на растојание до 100 метри од брегот, од северната ограда на објектот Кула (наколна населба) до плажата викана „Оревче“;<br>- Метропол - делот на риболовна вода на растојание до 200 метри од брегот, од хотел „Макотекс“ во населбата Лагадин до северната ограда на хотел „Белви“;<br>- Охрид - делот на риболовна вода на растојание до 200 метри од брегот, од јужната страна на хотел „Парк“ до почетокот на појасот на трска;<br>- Мазија - делот на риболовна вода на растојание до 100 метри од брегот, од платформата на плажата „Куба Либре“ до хотелот „Тино“.<br>- Далјан - делот на риболовна вода на растојание до 200 метри од брегот, од источната обала на хотел „Далјан“ до источната обала на костозглобната болница „Св. Еразмо“;<br>- камп АС - делот на риболовна вода на растојание до 200 метри од брегот, од источната обала на камп „АС“ до истошната обала на хотел „Еврохотел“<br>- камп Ливадиште - делот на риболовна вода на растојание до 200 метри од брегот од групата на куќи јужно од населбата „Елен камен“ до јужната ограда на камп Ливадиште;<br>Рекреативен риболов од пловен објект во движење за лов на пастрмка и белвица може да се организира на целата површина на Охридското Езеро, освен во месноста „Вели Даб“ до „Вељапеш“ на растојание до 2 км. од брегот и во изворите кај Св. Наум. |
| ***ПРЕСПАНСКО ЕЗЕРО*** | **„ВОЛФ ДООЕЛ“ - РЕСЕН** | Во водите на Преспанското Езеро и сливот на Преспанското Езеро, како единствена рекреативна зона се определува **рекреативна зона – „Преспанско Езеро“** која ги опфаќа деловите на Преспанското Езеро кои припаѓаат на Република Македонија, на која се организира рекреативен риболов од брег и од |

| | | |
|---|---|---|
| | | всидрен пловен објект и сите води кои директно се влеваат во Преспанското Езеро и нивните притоки.<br><br>На Преспанското Езеро рекреативен риболов се организира од брег и од пловен објект.<br><br>Рекреативен риболов од брег се организира на целата брегова линија на Преспанското Езеро која припаѓа на Република Македонија.<br><br>Рекреативен риболов од всидрен пловен објект се организира на целата брегова линија на Преспанското Езеро на оддалеченост од 150 метри од обалата. |
| ***НАЦИОНАЛНИ ПАРКОВИ МАВРОВО*** | **ЈУНП „НАЦИОНАЛЕН ПАРК „МАВРОВО “ – МАВРОВИ АНОВИ** | Во подрачјето на Националниот Парк „Маврово“, како единствена рекреативна зона, се определува **рекреативна зона – „Маврово“** која ги опфаќа водите на акумулацијата Мавровско Езеро и притоките кои се влеваат во акумулацијата, како и делот на реката Радика со притоките кои припаѓаат на подрачјето на Националниот Парк „Маврово“, до вливот на Гарска Река во реката Радика (место викано Бошков Мост). |